# Одбивање на топката со прсти во страна

Додавањето на топката со прсти во страна, се изведува преку едното или другото рамо. Кај овој елемент одбојкарот треба да го постави своето тело под топката и да ги задоволи основните критериуми за одбивање на топката. При додавањето на страна карактеристично е поставувањето на стапалата на подлогата. Имено, при додавањето на десно, левото стапало треба да е понапред и да се заземе лев дијагонален став и обратно за додавање во лево, десното стапало се поставува пред левото и се зазема десен дијагонален став. Во фазата на одбивање на топката се спушта едното рамо, а телото е наведнато кон правецот на додавањето на топката. Спротивното рамо и раката се поставуваат повисоко со цел да се оствари рамномерен контакт на топката со прстите на двете раце.

- Се поставуваат учениците во парови по двајца ученици. Едниот ученик ја потфрла топката до другиот, а другиот ја одбива топката со прсти поставен во став бочно во лева, па во десна страна и обратно.




- https://www.youtube.com/watch?v=7PIkcds8Yik